# Природни науки за V одделение 13.04-16.04.2020

## ТЕМА: Животниот циклус на цветните растенија

**Наставна содржина :**

## 1. Животен циклус кај растенијата што цутат

Секое растение има свој животен циклус . Животниот циклус на цветните растенија започнува со семе кое 'рти по добиените потребни услови (топлина и влага ) , потоа расте и се развива, достигнува одреден степен на зрелост и цвета, се опрашува , оплодува и го расејува своето семе.Од семето се развива ново растение.

Животниот циклус на цветните растенија се сосотои од четири фази

(стр.114 од учебникот)

I фаза->Семе II фаза -->Садница III фаза--->Младо растение IV фаза-->Возрасно растение



1.Во првата фаза (СЕМЕ) се случува процесот ,'РТЕЊЕ (раст и развој на семето при кој прво никнува корен , а потоа стебло и листови)

2.Во втората фаза (САДНИЦА) можеме да ги забележиме коренчето и првите фиданки (младо стебленце и гранчиња) .Во оваа фаза растението е во процесот на РАСТЕЊЕ И РАЗВОЈ.

3.Во третата фаза (МЛАДО РАСТЕНИЕ) се појавуваат уште листови и цветови во пупка. Во оваа фаза можеме да откриеме за кое растение станува збор . И во оваа фаза на растението се случува процесот на РАСТЕЊЕ И РАЗВОЈ.

4.Во четвртата фаза (ВОЗРАСНО РАСТЕНИЕ) растението е целосно оформено , цветовите се расцветуваат и се случува процесот на ОПРАШУВАЊЕ,ОПЛОДУВАЊЕ И РАСЕЈУВАЊЕ .

На сликата ке ги видиш сите четири фази и процесите (опрашување,оплодување,создавање плод и семка и расејување) во животниот циклус на растението грав.




## 2. Истражување: Сличности и разлики меѓу животниот циклус на растенијата.

Истражувај на интернет за животниот циклус на две различни растенија .Заклучоците од истражувањето напиши ги во тетратка.

**Домашна задача:** Во работната тетратка на страна 27,  имате слики каде е прикажан животниот циклус на две растенија.Разгледај добро и именувај ги фазите и процесите следејќи ја стрелката на сликите.

# НАСТАВЕН ЛИСТ

1. Погледни ги фотографиите од различни растенија .Запиши го името и бројот на фазата под секоја слика.






---------------------- --------------------------- ------------------------ ----------------------
---------------------- ------------------------- ----------------------- ---------------------. /4

2. Дополни ги речениците,користејќи зборови од ризницата на зборови.
**Ризница на зборови** (оплодуваат,плод , цветови, семе, расејуваат, ’рти,растение, мешунка)

Растението го почнува животот како __________________. Тоа ________________ и прераснува во ____________________.Возрасното растение создава ____________________,што се опрашуваат и се __________________________, за да произведат семиња во _______________ или ________________________. Семињата се _________________________ и изртуваат за да формираат нови растенија. /8

3. Размисли и одговори
а) Кое растение умира откако ќе создаде семиња?
б) Кое растение цвета и создава семња секоја година?
(може само да наброите растенија) 4/

| Потребна е помош | Добро, но потребно е повеќе работа | Одлично сте ја разбрале содржината |
|---|---|---|
| 1-5 | 6-11 | 12-16 |